# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,

одржана на 16 јуни 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, а и господинот Народен правобранител.

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по 67-та седница на Собранието на Република Македонија .

Тука е заменикот на Народниот правобранител.

Пратениците Лилјана Поповска, Иван Стоиљковиќ, Рафет Муминовиќ, Кенан Хасипи, Неждет Мустафа, Јани Макрадули, Зоран Крстевски, Слободан Даневски, Љупчо Мешков, Стојан Андов, Хисни Шаќири, Иван Анастасовски, Зоран Шапуриќ, Андреј Жерновски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Орданчо Тасев, Али Ахмети, Талат Џафери, Нидим Рамизи, Теута Арифи, Ејуп Рустеми, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со расправа по Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2003 година.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, претставници од Владата, заменик народен правобранител,

Мене ми жал што салата не е баш доволно полна, иако морам да признам дек кога на дневен ред е Извештај на Народниот правобранител заслужува, барем што се однесува до нас пратениците, да му дадеме посебен осврт затоа што сепак еден труд од една година, искажан овде на 126 страни, навистина предизвикува

внимание и ако ништо друго треба да се обрне внимание за она што е сработено и до нас овде што е доставено.

Ме радува што конечно можеме да видиме дека институцијата Народен правобранител се повеќе ја зазема својата уставна позиција што ја има дадено со Уставот и ако го видиме овој комплетен извештај, ме радува што граѓаните на Република Македонија имаат доверба кон оваа институција, со самиот факт што покажува и бројот на зголемените претставки, поплаки, разговори итн, до Народниот правобранител, што го потврдува и самата уставна одредба со која на Народниот правобранител му се даде функција на заштитник на слободите и правата на граѓаните. Во секој случај тоа е за пофалба, во секој случај како факт радува, што значи дека и функцијата согласно Уставот е оправдана, но и самата позиција на Народниот правобранител. Тоа од аспект, ако можеме да кажеме дека нешто е позитивно, поточно нешто што ме радува. Меѓутоа, за жал, морам да признам дека не ме радува фактот што од година во година бројот на повредите на слободите и правата на граѓаните изразени со сите оние иницирања на постапки, поплаки, претставки до Народниот правобранител од година во година расте. Така што оваа 2003 година што сега го разгледуваме и овој извештај, можеби е кулминација на сите претходни години, затоа што е очигледно дека порастот на предметите по кои постапуваше Народниот правобранител е зголемен за 38,71%, што во секој случај не е за потценување.

Од анализите можеме да си поставиме прашање зошто бројот на предметите по кои постапуваше Народниот правобранител е зголемен, можеме да најдеме две причини.

Првата причина што неминовно е потврдена и во самиот извештај, е фактот што очигледно дека правата на граѓаните се се повеќе нарушени и тоа од сите институции овде наброени, или конкретно кажано од институциите на власта. Значи наместо да одиме во обратен правец, да се грижиме за правата на граѓаните, државноит апарат се повеќе и повеќе ги нарушува таквите прави со разни постапки кои овде детално се опишани.

Втората причина за која верувам дека е така е и фактот што 2003 година можеби е година која придонесе, преку се повеќе отвореноста на институцијата Народниот правобранител, преку нејзиниот транспарентен начин на работа, таа институција да се доближи до граѓаните и тие да сватат дека сепак тоа е институцијата која може да им обезбеди заштита на нивните права. Значи тоа се

двете причини кои глобално можам да ги кажам, а кои и овде во самиот извештај преовладуваат.

Инаку, морам да искажам пофални зборови во смисла на тоа што целиот извештај, според мене е доста објективно пренесен, без да има некои завиткани форми, без да има некој посебен респект, туку точно, отворено и сублимирано изнесени се сите причини поради кои Народниот правобранител смета зошто некои права се нарушени и кој е виновникот за тоа, па дури и се предлагаат мерки како тоа треба да се надмине.

Ме радува што во самиот увод на извештајот каде што Народниот правобранител констатира дека постојат објективни причини зошто е ваква состојбата со слободите и правата на граѓаните, изразена од аспект на Народниот правобранител преку целиот тој број на поплаки и претставки од кои се црпи и оваа констатација, значи покрај нестабилноста на безбедносната состојба, нарушените меѓуетнички односи, тешката материјална и економска криза на државата, бавните и сеуште незавршени реформи во јавната администрација, судството и локалната самоуправа итн, што можам да ги класифицирам во објективни причини, што не се причини кои произлегуваат само од 2003 година, туку тоа се причини кои се проткајуваат повеќе години, можеби се поизразити од 2001 година па наваму. Меѓутоа, ме радува што Народниот правобранител е објективен кога зборува дека покрај таквите причини кои во глобала придонесуваат за зголемување на се поголем број претставки и поплаки од страна на граѓаните, што значи се поголем број на нарушувања на слободите и правата, констатирана е и субјективната причина каде се зборува односно како субјективни причини се ставаат, онаа разнишана доверба на граѓаните во институциите на системот, во функционирањето на правната држава затоа што граѓаните сметаат дека ниту едно право не може да се оствари без мито, корупција, пријателски врски, непотизам, партиски припадности и слично. Состојбата навистина е тешка за дејствување на која било институција, а уште повеќе на Народниот правобранител кој е воспоставен како заштитен механизам може успешно да дејствува единствено во демократски услови. Тоа е констатација што ја читам од извештајот. Тука, почитувани колеги, треба да не загрижи таа состојба. За нејзе треба да поразговараме сите овде во Парламентот и не само ние во Парламентот. Заради тоа овој извештај не треба да помине така, туку со една дискусија, со една расправа овде во Парламентот да упатиме до сите оние вршители на јавни функции, целиот државен апарат, се она што го сочинува

државниот апарат, дека состојбата не само 2003, таа се пресликува и оваа година во делот на овие субјективни причини за кои зборувам, за кои зборува и Народниот правобранител, сеуште не се надминати и можам да кажам дека од ден во ден се зголемуваат. Значи состојбата со митото, корупцијата итн, овде наброени е зло за кое сите треба да придонесене, таа работа да се подобри и секако во улогата на Народниот правобранител да дадеме простор истиот тој, преку уставните и законските форми што ги има, што поотворено и што поригорозно во таквите случаеви да настапува, за да се заштитиме односно да се спасиме од тоа зло.

Мора да се потенцира и една друга работа која во извештајот преовладува. Тоа е неодговорниот однос на државните органи кон институцијата Народен правобранител. За тоа мора овде јавно да се прозбори.

Ако Народниот правобранител како инситуција е уставна категориија, ако минатата година донесовме нов закон за кој сите овде сме сведоци, имаше една добра расправа и мислам дека донесовме добар закон за кој сите пратеници овде, од сите пратенички групи искажавме позитивно мислење. Ако тоа го направивме во рамки, уставни и законски, не може државниот апарат, Владата, министерставата итн, да се однесуваат индолентно и арогантно, како што се однесуваат сега, минатата година, па и оваа година. Не го зборувам тоа приозволно, туку го зборувам врз основа на извештајот што го имаме пред нас. Не можат одредени министерства да се однесуваат на тој начин арогантно, што воопшто, прво не ги знаат или се прават дека не ги знаат одредбите согласно Уставот и законот што го има Народниот правобранител, не можат да се однесуваат на тој начин, да не му дозволат пристап, да му испратат информација, да му дадат одговор на поплаките итн, затоа што преку институцијата Народен правобранител, истите тие министерства својот однос кон него го рефлектираат и кон граѓаните, бидејќи тоа е тој што ги заштитува интересите на граѓаните.

Овде се наведени, почитуван претседателе, почитувани колеги и ме радува што отворено се зборува во самиот извештај. Значи, наведени се, дури и класифицирани кои се тие министерства во составот на Владата кои имаат можеби најарогантен однос. И ме зачудува што токму Министерството за транспорт и врски е на прво место. Значи, во тоа Министерство, зборувам и за Министерството на ниво на Република и во подрачните единици на тоа Министерство, постои апсолутно арогантен однос, апсолутно игнорирање на функцијата Народен правобранител. Да не зборувам можеби дека најголем дел од претставките, поплаките и се она што

граѓаните го имаат согласно законот, како право, се однесува повторно на тој ресор. Тука треба некој да се замисли, особено министерот за транспорт и врски и целото министерство зошто е тоа така и дали може нешто да се измени во догледно време, ако сакаме да бидеме држава која се декларира како демократска, и ако власта ја црпиме од народот кој секои 4 години или секои 2 години, зависно како доаѓаат, локални и парламентарни избори, ние ја бараме нивната доверба. Значи да не бидеме декларирани само во време на избори и тогаш да кажуваме дека ние ќе имаме отворени канцеларии, ние нема да ви ги нарушуваме вашите права, туку тоа треба да го правиме кога сме на власт или откако ќе ги добиеме изборите, особено кога ќе ги изгубиме, се разбира.

Не е подалеку за констатација, тоа што го зборувам, ако на прво место е Министерството за транспорт и врски, на второ место, убедливо на второ место е Министерството за внатрешни работи. И тука во многу работи Народниот правобранител опишал, скренал внимание, дал посебни објаснувања, посебни забелешки, мерки за кои ќе дискутирам малку подоцна каде што е очигледно дека Министерството за внатрешни работи сеуште се однесува не само спротивно на законските овластувања, туку далеку од она дека Министерството за внатрешни работи треба да биде сервис на граѓаните, туку се поставува од аспект на тоа дека силата му е во раце и секој треба да ги слуша.

Да одиме со ред:

Обемот на работа што овде е прикажан и графички но и текстуално, јасно покажува, почитувани пратеници, дека 2003 година имаме можеби рекорден број на постапки по кои постапуваше Народниот правобранител. Значи во текот на извештајната година Народниот правобранител постапуваше по вкупно 3277 претставки поднесени од над 3854 граѓани од кои 2605 претставки беа поднесени во извештајниот период, што претставува пораст за 38,71%, во однос на претходната година. Да потсетам, претходната година такви имаше 1878.

Покрај ова на разговор беа примени над 3.916 граѓани од кои 515 надвор од канцеларијата на Народниот правобранител и беше одговорено на пвоеќе од 5.000 телефонски јавувања. Ова зборува, она што гокажав на почетокот, дека Народниот правобранител, значи обемот на работа на Народниот правобранител во 2003 година е зголемен од причини што ги кажав, а сега не би сакал да ги повторувам.

Самата констатација и во натамошниот текст се гледа дека од година во година ова се констатации, го цитирам Извештајот: “од година во година бројот на

претставките значително расте. Ваквиот пораст генерално се должи, пред се, на промотивните, информативините и едукативните активности, што Народниот правобранител континуирано ги презема секоја година”, за што исто така кажав , но и секако и од зачестените и постојани повреди на слободите и правата на граѓаните и пробелмите што тие ги имаат, особено од областите н урбанизмот и градежништвото. Потоа доаѓаат работните односи, судството и т.н.

Најголем број од претставките се во областа на правосудството, па во областа на работните односи, имотно-правните односи, урбанизмот и градежништвото, кое овде е прикажано со графикон и кое исто така бележи виден пораст за разлика од претходната година.

Народниот правобранител се потрудил да ни достави графички приказ дури и на етничката карта во смисла на тоа кој од етничкиот состав во РМ има најмногу поднесено претставки или најголем број подносители и тука предничат македонците со 78,55% во однос на албанците околу 16%, што не значи дека оваа втора категорија има помалку нарушени права, тоа говори и за самиот однос на населението во Република Македонија. Не би сакал да тврдам дека албанците се нешто пвоеќе привилигирани во заштитата на правата во однос на македонците, но тоа зборува самиот однос на етничката карта во РМ, но и будењето на свеста кај сите оние граѓани, па и кај албанците кога треба да ги поднесуваат овие претставки. Тоа е јасна слика за тоа дека не се бира кога станува збор за повреда на правата на граѓаните, не се бира по етничка припадност.

Сега би сакал да кажам една констатација која произлегува од Извештајот . Значи од изнесените податоци јасно може да се констатира дека односот на службените лица спрема барањето на Народниот правобранител сеуште не задоволува, тоа е негова констатација, за што согласно Законот, а со цел за ажурирање на постапката и заради подобрување на состојбите, ова е многу битно, до организациите со јавно овластување беа упатени 8 информации од кои само 4 се прифатени, до надлежните минситерства упатени се 95 информации од кои 56 се прифатени, до Владата на Република Македонија 101 информација од кои е постапувано само по 41. Значи инфорамција и особено битна работа 5 инфорамции се доставени до Собранието на РМ од кои по ниту една не е постапено. Тоа за нас е критика до нас пратениците, до претседателот на Собранието зошто тоа не сме го направиле и да се корегираме дека во идната година, ако ништо друго, да се

надеваме дека тој број ќе биде помал, но во секој случај Собранието не смее да остане немо при вакви работи.

Од ова јасно произлегува дека од вкупно упатените 216 инфорамции прифатени се само 81, бројка што не задоволува и укажува на несоодветниот однос на институцијата Народен правобранител.

Тоа е кога станува збор за бројки. Би сакал да се задржам на делот кој зборува за оценките, заклучоците, констатациите, мерките и препораките кои ги имаме во Извештајот и каде Народниот правобранител се осврнува на сите.

Почитувани колеги, од општата оценка која ни ја дава Народниот правобранител во Годишниот Извештај се изведува една општа оценка дека и оваа година иако е забележан евидентен позитивен тренд и развој степенот на обезбедување, почитување и заштита на правата се сеуште не е на посакуваното задоволително ниво. Значи, општиот заклучок е дека граѓаните своите уставни и законски права пред важните органи и другите органи и организации сеуште ги остваруваат отежнато и бавно. Понатаму низ долготрајни управни и судски постапки во кои сеуште има присутни појави на злоупотреба и не почитување на законската регулатива.

Сега, Народниот правобранител се потрудил да ни го опише односот со секоја од овие институции пооделно и дозволете ми за секоја од нив да прокоментирам нешто накратко.

Односот и соработката на Народниот правобранител со граѓаните, она што и на почетокот го кажав самиот Народен правобранител констатира дека граѓаните на РМ веќе знаат за постоењето на оваа институција, знаат дека слободно и бесплатно можат да се обратат за помош кај Народниот правобранител или во секој случај да го направат тоа што упатува на заклучокот дека односот на Народниот правобранител спрема граѓаните е на потребното професионално и одговорно ниво. Јас се согласувам со тоа.

Кога станува збор за односот и соработката на Народниот правобранител со органите и организациите врз кои надлежно постапува, еве констатацијата дека таа соработка не е сеуште на добро ниво. Значи, сеуште има органи на јавната администрација за кои може да се каже дека не соодветно се однесвуаат кон барањата и препораките на Народниот правобранител. Ваков некооперативен однос особено е забележан и евидентен, како што кажав, во Министерството за транспорт

и врски, Министерството за финансии, МВР и Министерството за образование и наука.

Кога станува збор за комуникацијата со јавната администрација со граѓаните констатирано е дека јавната админситрација е далеку од она за која се прокламира дека таа е сервис на граѓаните, сеуште имаме оддолжување на управните постапки на една, две и повеќе години, неоправдано долго траење на постапките во управните спорови, пред Врховниот суд и т.н., што јасно зборува дека овие органи односно јавната администрација е сеуште далеку од она што треба да биде, а тоа е - сервис на граѓаните. Тука треба уште многу да се работи, а не само декларативно да се кажува дека таа е сервис на граѓаните.

По однос на начелото на член 24 од Уставот на РМ каде е јасно искажано дека секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор, констатацијата е дека од сите претставки и контактите со граѓаните констатирано е дека ова начело државните органи и јавните служби во основа не го почитуваат. Значи, имаме уставна одредба која години наназад, па и 2003 година не се почитува. Нормално се поставува логично прашање зошто постои тој член во Уставот ако не со една единствена цел дека одредбит еод Уставот треба да се почитуваат. Затоа мора да се прозбори, мора да се каже вака јавно за да самите тие кои не го почитуваат , да го сменат својот став.

Ваквото не почитување доаѓа од носителите на јавните функции, не само што не одговараат на претставките, туку и непосреден контакт со нив е речиси невозможен. Ова е загрижувачка работа.

По однос на законската регулатива кажав дека се прават обиди со тоа што се донесе нов Закон, а констатацијата на Народниот правобранител во овој дел е дека имаме недоследно почитување на законската регулатива и покрај тоа  што како законска регулатива постои но, таа не се почитува.

За судските постапки, под она што е изведено како заклучок на Народниот правобранител е јасно и она што многумина го зборуваме кога ќе дојде темата за судската власт, кога зборуваме дека постапките во судството се спори, кога зборуваме дека има објективни причини кои ги наведува и самиот Народен правобранител во делот на сеуште нереформираното судство, објективните причини поради кои некои постапки трајат долго, некои не завршуваат, меѓутоа, има и субјективни причини каде прв пат Народниот правобранител се осврнвуа и ги кажува, а овде ние како пратеници многу пати сме ги кажале, а тоа се гледа од сите

најави кои ги слушнавме при изборот на Владата дека ќе следат реформи во судството, но и оние закони што ги носиме, но и од дискусијата од сите пратеници ког адискутираме при изборот и разрешувањето на судиите.

Значи, присутни се субјективни причини изразени во делот на корупцијата, изразени во делот на митото за кои имаме сведоци последната година и конкретни случаи на разрешување на судии и покренвуање на судски постапки кон истите. Таа состојба во секој случај треба да не загрижува и таа состојба не може, а да не се каже и во самиот Извештај, но и од нас како претставници на граѓаните.

Слична е состојбата и во Јавното обвинителство во делот на тоа што постапката кај Јавното обвинителство во делот на ажурирањето на кривичните пријави, нивното расчистување и ажурирање од МВР до Јавното обвинителство и обратно предолго трае. Таква е констатацијата на Народниот правобранител.

Можеби најинтересна состојба е во делот на социјалните и економски права, а за тоа ќе кажам нешто по конкретно, како и во делот на имотно-правните односи, бидјеки имаме констатација дека и во тој дел бавно се остваруваат правата на граѓаните, степенот на субјективност при водење на постапките, нестручноста и заради тоа имаме бавни постапки.

Интересна е констатацијата дека денационализацијата не само што овој процес на денационализација трае долго и сеуште не е завршен туку, често пати формално донесените решенија со кои е извршено враќање на поранешно одземените имоти немаат практична реализација. Тоа е состојба која треба да не загрижува, затоа што сите процеси што сме ги започнале треба да имаат крај, а не да траат со без завршница.

За полициската постапка ќе зборувам и за работните односи во делот на посебните забелешки што ги има овој Извештај, тоа е оној преглед на состојбите во однос на обезбедувањето, почитувањето и заштитата на човековите права по области. Не би ги елаборирал сите, би се задржал само на неколку.

Значи, во делот на полициската постапка, заштита на правата во полициската постапка Народниот правобранител навистина експлицитно ова ни го објасни со се она што е сработено. Според бројките истиот констатира дека бројот на предметите, поплаките односно постапувањата за полициската постапка учествува до 10% што значи и оваа година како и претходната отприлика се движи тука, меѓутоа, она што може да се констатира дека Народниот правобранител постапувајќи восогласност со законските овластувања каде постапка може да покрене по сопствена иницијатива

во оваа извештајна година посебно внимание обратно на случаи што предизвикаа посебен интерес во јавноста. Значи, по службена должност Народниот правобранител покренал постапка и за таканаречениот случај Сопот, познат ни е тој случај, меѓутоа каде и тој констатира пречекорување на службените овластувања во интервенцијата за откривање и фаќање на осомничените и поставување на експлозивна направа од чија експлозија животот го загубија три лица. Тоа е негова констатација и покрај онаа Комисија која беше формирана од страна на Владата и која констатира дека станува збор за пречекорување на службените овластувања, имам еиста констатација и од Народниот правобранител, тоа е доказ, показател за она што и претходно го зборував за одредени институции вклучително и МВР се однесуваат надвор од законските овластувања и за тоа треба да се прозбори и ме радува што Народниот правобранител собрал храброст експлицитно да ги прикаже во Извештајот.

Друг случај е случајот со двајца роми на кои , со цел да им се изнуди признание во ОВР-Куманово, беше применета присилба за да се дојде до признание, нешто што е трагично и нешто што во демократска Македонија за која се декларираме треба да биде надминато време. Не можеме да ги базираме постапките пред судот или во полицијата врз основа на признание добиено по пат на сила.

Почитувани колеги, сите сме сведоци кога секојдневно, било да е преку медиумите, било ког асе отвара расправа по одредени закони или информации кога слушаме дека такви злоупотреби на службените овластувања во полициската постапка сеуште ги има. Можеби тој број не расте од година во година, меѓутоа, не е незначителен и не е број за кој не треба да се продискутира јавно. Треба да се замислиме дали на тој начин ќе изградиме правна држава или ќе правиме од РМ полициска држава во смисла на тоа со заплашување, со нарушување на службените овластувања да дојдеме до нешто колку да се рече дека бројката на предметите, кривичните приајви е задоволителна, постапено по нив, но на кој начин? Овде е случајот со малтретирање да се дојде до признание, а не е мал случајот и на други злоупотреби какви што се повикување на разни информативни разговори, не давање на право на граѓаните да повикаат пранител или откако ќе бидат примени разни средства да се дојде до некакво признание, па дури тогаш да се дојде до можност да се повика бранител откако работата е завршена. Многу пати граѓаните се приведувани без да знаат за што се приведени, што исто така е спротивно на

уставното начело дека на секој граѓанин треба да му биде укажано за што се приведува и која е целта поради која се повикува. Таквите констатации не се малку. Овде Народниот правобранител посочил само два три случаи, а ве уверувам дека има многу повеќе во Република Македонија.

Ќе го спомнам и случајот со работникот во Рафинеријата ОКТА каде е констатирано скратување на правото на бранител , за кое претходно кажав.

Народниот правобранител исто така констатира дека случајот со киднапираните лица сеуште е нерасветлен, и тој постапувал по таа работа затоа штоимал претставки до него, за дселот на враќањето на раселените лица.

Овде имам една интересна констатација дека Народниот правобранител не е задоволен од соработката со органите и раководните лица во рамките на овие министерства, бидејќи како што самиот кажува не добиваше целосни податоци, информации на неговите барања, а по некогаш истите беа игнорирани или се правеа обиди очигледни негативни факти да се сокријат со цел да се заштитат службените лица кои ги пречекориле службените овластувања. И оваа состојба е за секоја осуда.

На сметка на правата на граѓаните, а да се заштитат одреденислужбени лица во МВР оваа практика се повторува од година во година, меѓутоа, со тоа не се заштитуваат службените лица, туку се губи угледот на МВР од она што скаме сите да го постигнеме дека тоа треба да биде сервиз са заштита на правата на граѓаните тие да го почувствуваат како нивен заштитник , а не како некоја институција која ќе врши присилба или ќе им ги скратува правата на граѓаните.

Вели: “Зачудува и фактот што службени лица од повисок ранг во ова Министерство не ги познаваат во доволна мерка надлежностите и законските овластувања на Народниот правобранител, особено овластувањето од член 31 од Законот за Народен правобранител”. И што треба сега да направиме?! Да им одржиме еден курс на службените лица од повисок ранг во МВР, за да знаат дека одредени овластувања Народниот правобранител има согласно законот и дека по таквите овластувања е должен да постапува, а некој тоа мора да го почитува.

Би зборувал уште за заштита на правата во областа на социјалните права, работните и станбените односи. Во делот на социјалните права имаме доста интересна елаборација од страна на Народниот правобранител, каде што кажува дека во 2003 година Народниот правобранител примил 167 претставки од областа на социјалните права, што во споредба со претходната година - ова е многу

интересен податок - каде што имало само 52 претставки, значи зголемување од три пати. Сега тука имаме констатации на што се должи тоа: “зголемениот број претставки е последица и е непосредно поврзан со зголемувањето на бројот на невработените во Република Македонија, со воведените рестрикции во социјалната сфера и зголемувањето на сиромаштијата, бедата и социјалниот ризик меѓу граѓаните на Република Македонија”. Само колку да не излезе дека кога зборува опозицијата вакви работи ги измислува, зашто постојано зборува нешто што не е вред, што не е точно, или иста констатација што доаѓа од една јавна институција, институција која се вика Народен правобранител, а која своите информации ги црпи токму од граѓаните, од оние истите кои одат на поплаќи кај нив. Не е случајно кога зборуваме дека во Република Македонија бројот на невработените лица достигнал 390 илјади, по сите оние мерки кои ги презема оваа Влада кога дојде на власт. Значи оттаму произлегува зголемувањето на три пати на претставките по кои Народниот правобранител постапува.

Доста интересна е и констатацијата каде се вели: “Во извештајната година претставките од социјалната сфера главно се однесуваат на остварување на правото на социјална парична помош, постојана парична помош, еднократка парична помош, право на туѓа нега и помош, право на паричен надоместок и друго”. Ова што следува е интересна констатација и морам да ја прочитам: “Најбројни беа реакциите и претставките на граѓаните што се однесуваа на внесувањето на сметките за потрошена електрична енергија како дополнителен критериум за остварување на правото на социјална помош во Одлуката за условите, критериумите, висината и начинот и постапката за остварување и утврдување на правото на социјална помош на Владата на Република Македонија , што беше донесена на крајот на 2002 година, а имплементирано во текот на 2003 година”. Тоа е, почитувани колеги, онаа одлука за која овде и ние дискутиравме како опозоција, кога велевме дека таквата одлука не само што нема уставен карактер односно уставност, туку таквата одлука ќе нанесе многу штета врз социјалните права на граѓаните. Значи по таквите претставки постапувал и Народниот правобранител, нормално согласно законските овластувања и тука не информира дека истата таа одлука беше укината од страна на Уставниот суд. Значи не секогаш опозицијата зборува нешто напамет, туку има некои аргументи за кои пред да се донесат одлуките треба да се размисли дали, ако ништо друго го имаат Уставниот карактер.

Исто така “намалување на бројот на корисници на социјална помош во извештајната година од 82 илјади лица, кои користеле социјална помош во 2002 година, а да се сведе на 64.462 во 2003 година, во декември месец, според Народниот правобранител, потенцирам според Народниот правобранител не е резултат на подобрување на економските и социјалните состојби во државата, односно на подобрување на животниот стандард на граѓаните, како што некој милува да каже, туку на крајно рестриктивниот однос на центрите за социјална работа при одлучување по барањата на граѓаните за социјална помош. Значи, и кога се донесуваа законските измени, тука кажувавме дека тие се доста рестриктивни како законска регулатива, меѓутоа, уште порестриктивни се центрите за социјална помош кои на разни начини изнајмуваат модуси како да ги ускратат тие права и оттаму доаѓаат поплаките кај Народниот правобранител и оттаму постапувањата, но оттаму и констатацијата која денес ја прочитав, а која ја констатира Народниот правобранител. Тоа се оние работи за кои овде можеме да дискутираме и да не се обвинуваме дека некој затоа што е опозиција измислува, а позицијата брани, туку ова е институција која сигурно ги базира своите констатации врз основа на она по што постапувала.

“Во текот на Извештајната година исто така беа заострени критриумите за користење на туѓа нега и помош”, тоа го кажа, “но при донесувањето на одлуките за овие барања центрите за социјална работа недоволно има бирократски начин ја утврдуваа фактичката состојба”. И ова мора да се знае и за ова некој треба да покрене и да преземе мерки. Многу претставки, како што наведува Народниот правобранител на граѓаните се однесуваат на укинувањето и намалувањето на износот на паричната помош од 5 илјади денари, која се смета за еднократка и на начинот на кој треба да се приберат доказите кои граѓаните треба да ги приложат за да дојдат до оваа парична помош.

Констатацијата дека Народниот правобранител во Министерството за труд и социјална политика како ресорно Министерство за ваквите случаи не наидувал на соработка или таа соработка била многу лоша, па дури во 43 случаи не му беше овозможен увид во службените списи. Што е тоа што таму во тие списи се крие и не му се дава увид тоа е друго прашање, меѓутоа, една ваква бројка е сериозен показател за она што зборувам дека одредени институции во државата се однесуваат арогантно кон институцијата Народен правобранител и

заради тоа почитувани колеги овој извештај е на 126 страници. Можеби изгледа здодевно зборувањето овде на говорницата, меѓутоа, сметам дека е потребно овде да се зборува, за да не помине тоа туку така и да прозбориме јавно пред оние што гласале за нас, за да знаат и тие каде се обраќаат и која е причината поради која дел од нивните претставки не се завршени.

Овде Народниот правобранител наедува дека во неколку наврати реагирал и кај Министерот за труд и социјална политика, меѓутоа, и кај него не наишол на разбирање и одредени работи останале такви какви што се.

Значи, констатацијата за делот на социјалните права Народниот правобранител ја заклучува со следното: “Значително зголемениот број на претставки во кои граѓаните бараат заштита на социјалните права упатува на констатација дека социјалните и економските состојби во Република Македонија не само што не се подобрени, туку се на исто ниво како и во претходната 2002 година. Зголемениот број на невработени граѓани во однос на вработените граѓани ја зголемува правната несигурност и нивната недоверба во институциите на системот, за што придонесува и непочитувањето и несоодветниот однос на надлежните органи кон препораите и интервенциите на Народниот правобранител”.

Ова е заклучокот, почитувани колеги кој Народниот правобранител го вади од она што постапувал во делот на заштита на правата во областа на социјалните права. Колку да се знае, има и предложени мерки, ако ве интересира ќе ги прочитате.

Сега, почитувани колеги, дозволете ми да се осврнам на правата од работнот однос, кои мислам дека се исто така битни права и каде што сметам дека има исто така доста интересни моменти во делот на остварувањето на правата кои според законот и Уставот ги имаат граѓаните.

“Во текот на 2003 година најбројни беа претставките што се однесуваа на заштита на правата од работнот однос, поточно вкупо 406 претставки, што претставува рапидно зголемување” - значи не се знае колку е, па затоа се вели рапидно - “во однос на претходната година каде имало 259 претставки. Овој тренд на зголемување на бројот на претставките во оваа област не е резултат само на реформите во државната администрација и затворањето на многу стопански субјекти, туку и на неодговорното и самоволно однесување на работодавците кон работниците”. Значи констатацијата Ви е јасна: “претставките, во прв ред, се однесуваа на повредите на правата при засновање на работниот однос, значи во прв

ред на засновањето, но, и на престанок на работниот однос поради разни основи, особено поради економско структурални, технолошки и слични промени". Ова е она што во изминатата 2003 година ни се случуваше, а во Парламентот имаше и посебна точка кога се дебатираше особено за делот на правата од работен однос во Електростопанство и мене ме радува што Народниот правобранител се осврнал на тие отпуштања на вработените во Електростопанство, кои ги нарекуваме економски или структурални промени. Значи, во името на економски, структурни и технолошки реформи во АД Електростопанство во текот на 2003 година без работа останаа околу 1100 вработени. Сега Народниот правобранител во постапките по преставките на работниците од ова јавно претпријатие, кои од него побараа заштита на нивните права, во повеќе случаи констатира низа повреди и неправилности на постапката. Значи, пред се, беше констатирана нетранспарентност на целиот процес со неистакнување на ранглистите за да се овозможи увид во бодовната состојба на секој работник. Ова го зборувам затоа што континуирано една година, колку траеше цела работа овде, г-динот Спиро Мавровски па и сите ние како пратеници дискутиравме и кажувавме, но некој не убедуваше дека не сме биле во право и еве ја сега таа официјална информација која доаѓа од институцијата Народниот правобранител. Значи имавме грешки во бодирањето, а особено при бодирање на критериумот економско-материјална состојба и она што е најбитно, кога овде не убедуваше и г-динот директор на Електростопанство, особено кога му реплицираша на г-динот Спиро Мавровски, Народниот правобранител констатира дека се вршеше и паралелно вработување.

Тоа е, кпочитувани колеги тоа што треба да не загрижува. Ако од една страна се декалрираме дека е потребна реформа во јавната администрација и таа реформа, како што веќе сите ја свативме, е реформа само со отпуштање на вработени, од друга страна не е тоа реформа ако отпуштате вработени, особено ако припаѓаат на некоја политичка партија која го носи името ВМРО-ДПМНЕ, а од друга страна да се вработуваат нови вработени. Оваа констатација, почитувани колеги, доаѓа од Народниот правобранител не ја измислувам јас. Значи од податоците што Народниот правобранител ги доби од Бирото за вработување, еве каде е доказот, Народниот правобранител се увери дека додека траеше процесот на престанок на работниот однос на овие работници, АД Електростопанство на Македонија спроведе над 100 нови вработувања. Сега се поставува прашањето, зошто мораше, ако веќе имало потреба 100 нови да вработи, зошто морал 100 други да испушти? Не можело

да се направи преквaликaција, распоредување итн. Не можело, почитувани колеги, затоа што било јансо дека некој кој што го вработил од друга политичка партија треба да си оди, а на негово место да дојде некој лојален, за што и во овој извештај зборува на Народниот правобранител во дијалог на партиските вработувања итн.

Исто така, според податоците на Народниот правобранител само околу 100 приговори, зборувам за електростопанство, беа позитивно решени од страна на Управниот одбор, додека сите други беа одбиени.

Слична е состојбата, констатира Народниот правобранител, и во Фондот за здравствено осигурување, но не би ја елаборирал подетално. Би се осврнал на најбројните и најспецифични, како што ги нарекува Народниот правобранител, се преставките што се однесуваат на правата на работниците во образованието. Овде имаме интересна констатација и би сакал да ја елаборирам.

“Со оглед дека на извештајната година и претходеа парламентарните избори, што беа одржани во септември 2002 година, промените во власта се одразија и на вработените во основните и средните училишта каде беа разрешени стари и именувани н ови директори. Се чини дека функцијата директор никаде не беше поисполитизирана и партиски ориентирана одколку кај директорксите места во државните училишта. Скоро во сите претставки, со вакви наводи Народниот правобранител констатираше повреда на правата на претходните директори, бидејќи одлуките за разрешување по праивло беа без образложение. Од друга страна, при именувањето на новите дирктори, во многу случаи не беа почитувани мислењата за кандидатите дадени од Управнот одбор на училиштето, од Бирото за образование, а подоцна и од  Просветната инспекција”. Значи главен критериум се ценеше политичката и партиската припадност на кандидатите, а не нивната стручност и компетентност. Некои од колегите кои ја поддржуваат Владата и парламентарното мнозинство ќе каже па и вие така правевте кога бевте на власт и точно е, правевме, не велам не, меѓутоа, токму 15 септември беше историскиот ден каде некој јавно се декалрира пред јавноста, пред оние што ги бираа дека тие тоа нема да го прават, она што некој друг претходно го правел, заради кое што тој другиот претходно што го правел ја изгубил довербата токму заради партиските вработувања. Сега повторно ќе кажам, ова не го измислувам јас, ова е констатација на Народниот правобранител и затоа треба да не загрижува овде, да не речеме дека опозицијата ја обвинува позицијата и таа се брани, туку ова е констатација на

Народниот правобранител и тоа е документ што како годишен извештај овде ќе го усвоиме и тој ќе остане забележан во рамките на собраниската архива.

Меѓутоа, морам дам потенцирам дека и таа коалиција која дојде на власт, ако барем нешто декларативно најави дека ќе биде поразлична од некоја претходно што заради тоа ја изгуби власта, тоа треба и да го прави, а не вака како што тоа го први образованието, не по партиски клуч, не менување на сите директори затоа што ги поставил ВМРО-ДПМНЕ. Еве, да го поставиме прашањето вака: Што би се случувало ако на ова не се застане и ако секоја година имаме промена на власта. На што ќе личи образовниот процес и во средното и во основното образование каде што најмалку треба да имаме политика. Треба ли секоја година да ги менуваме директорите?

Според тоа, сите треба да се замислиме и да бидеме одговорни пред се како носители на јавна функција, пратеници, Влада и тн., дека избори доаѓаат, континуирано кога е ред, кога предвреме, дека граѓаните нема да ни требаат само кога ги повикуваме да гласаат и дека граѓаните треба да ги остваруваат своите права онака како што сме им ги дале со закон и Устав.

Затоа ме радува, особено ме радува овој извештај на Народниот правобранител, затоа што собрал и храброст, но и една стручна анализа и се потрудил да ни ја даде на 126 страници, во кој што верувајте во сите нив има што да се прочита. Дури треба да го чуваме како документ пред нас, за да знаеме што правиме како институција, како државен апарат и дали воопшто мислиме на правата на граѓаните, или континуирано додека седнеме на фотелја, или пред да се седнеме велиме дека ќе се грижиме за нив, но откако ќе седнеме заборавамe кои права ги имале, а камоли да ги заштитиме. Затоа, се задржувам пооделно на сите, заради тоа што навистина заслужува внимание.

Исто така, и една интересна констатација. Мора да напоменам дека некој можеби од ова што го дискутирам ќе помисли дека звучам премногу политички, дека ова што го кажувам е моја констатација усмерена политички.

Почитувани колеги, ова што го констатирам Народниот правобранител е стручно изведено, врз основа на неговите законски овластувања, знаењето кое го поседува и во рамки на процедурите, постапките кои што ги водел, така да тука нема место за политика, констатацијата е таа.

Во понатамошниот дел кај работните односи Народниот правобранител констатира дека негативното и отежнато остварување на правата на работниот

однос со јавната администрација влијаеше Комисијата за решавање во втор степен од областа на работните односи при Владата на Република Македонија, која како и во претходната година продолжи да функционира несоодветно и неажурно, што негативно се одразуваше на почитувањето и запазувањето на роковите за барањето на судска заштита.

Ова колеги, дали е политичка констатација или е стручна констатација. Подолго време таа Комисија и сите ние добро знаеме како се формираат тие комисии во Владата на Република Македонија. Значи, наместо да ја обавува и врши функцијата која ја има како второстепен орган, се знае дека таа треба да ги покрие оние одлуки кои што ги донесле првотепените органи, ова е само една формална работа, но заради тоа, пак е констатацијата дека не само што не функционира неажурно, односно функционира неажурно, туку и нестручно и несоодветно и ова треба да не загрижува.

Констатации исто така на министерот за внатрешни работи имаме и во делот на јавниот сервис Македонската радио телевизија, каде што овде се наведуваат неколку интересни случаеви, согласно измените на Законот за работни односи, каде што се зборува за вршење работа дома, па одредени личности од Македонската радио телевизија, односно Македонската телевизија биле распоредени да работат од дома. Сега, многу интересна констатација како може еден новинар вработен во јавен сервис да врши функција, односно работа од дома. Тоа е исто така доста интересно констатирано, што е јасно укажано дека станува повреда на правата од работен однос конкретно кај тие лица. Можеби една забелешка би упатил до Народниот правобранител што не поименично не ги кажува случаите, односно предметите, иако во крајниот дел на Извештајот имаме некои конкретни примери, односно претставки кои се доставени до него како илустрација. Кога вака зборува за одредени случаеви не е лошо и не на одмет да ги имаме и самите подносители на претставките.

Во делот на Министерството за внатрешни работи веќе не е тајна, можеби тоа секој го знае, најмалку, можеби најмалку се почитува Законот за работни односи и кај дело на престанокот на работниот однос поради рационализација на работните места во разните сектори, во делот на распоредувањата од град во град, каде што не се почитуваат законските одредби до колку километри кој може да биде преместен.

Во делот, каде она што се случува во образованието, се случува и во Министерството за внатрешни работи. Со промената на власта се што беше поставено од претходната власт било тоа да се вика началник, било тоа да се вика командир и т.н., мораше да биде прераспределен и тоа најмалку 50 километри подаелу од каде што претходно работел, за да може да се постави лојален член, симпатизер на владеачката гарнитура. Тоа исто така зборува за повреда на правата на граѓаните и тоа исто така зборува зошто бројот на предметите и претставките кај Народниот правобранител се зголемуваат. Се' додека вака работиме, се' додека вака се декларираме како власт, односно да се осветуваме со разни реваншистички мерки, се' дотогаш бројот на предметите кај Народниот правобранител енормно ќе се зголемува. Јас кажам, за пофалба е Народниот правобранител затоа што сепак постапил, но е за секоја критика државната администрација, односно власта во Република Македонија затоа што таа не смее да дозволи таква работа.

Значи, генерално гледано, оваа е констатација на Народниот правобранител од предметното работење произлегува дека во заштитата на правата од работен однос не само што не е направен напредок, туку Народниот правобранител не наиде на потребна соработка во органите и организациите што вршат јавни овластувања, како и во органите на јавната администрација при разрешување на овие суштински проблеми. Тоа е кога станува за работните односи.

Ако продолжам понатаму почитуван претседателе, мислам дека ќе ме фати паузата до 13,оо часот. Меѓутоа, не се помалку значајни деловите каде се зборува за станбените односи, деловите каде што се зборува за здравственото осигурување, здравствената заштита. Значи, не се помалку, еве заради интерес на времето, некој од тука вели дека ќе станам досаден, не значи дека во нив имаме помалку нарушување на правата на граѓаните, напротив, во сите институции, во сите делови од она што се вика јавна државна администрација, власт или како сакате, во сите нив има нарушување на правата на граѓаните, во сите нив Народниот правобранител има постапувано согласно законските овластувања онолку колку што според организацијата можел, онолку колку што тоа му го дозволува и стручниот, односно кадровскиот потенцијал, онолку колку што од мноштвото предмети со една интензивна работа би можело да се сработи.

Се надевам дека во наредната година, 2004 година, ќе добиеме исто така еден посеопфатен, можеби уште поопширен извештај од овој, заради тоа што, да ве потсетам дека институцијата народен правобранител со новиот закон е

организирана и со одредени подрачни, односно регионални канцеларии, каде што ќе има и повеќе стручни и компетентни луѓе, распоредени низ целата Република, така да проблемите ќе биде разгледан низ целата Република, а со тоа со еден транспарентен приод, со една капмања ако можам така да ја наречам, до граѓаните дојде свеста дека токму преку оваа институција тие можат да дојдат до оние права кои што во секој случај од институциите на власта односно на државата им се нарушени. Мислам, не би сакал тоа да се оствари, но мислам дека 2004 година како што почнала, како што се одвива работата дека оваа бројка постапени, зборувам за предмети по кои Народниот правобранител постапил, во секој случај не еднаш, туку два пати ќе биде надмината токму заради тоа што и кадровски и по региони ќе има повеќе канцеларии, што значи граѓаните побрзо и поедноставно ќе доаѓаат до оваа институција.

Затоа почитувани колеги кон овој Извештај не треба да се однесува пасивно. За овој Извештај треба да се замислиме сите и да порботиме во правец на тоа бројот на предметите, бројот на поплаките, бројот на претставките од година во година се намалува, а не обратно да сес зголемува. Затоа, во никој случај не треба да бараме вина на Народниот правобранител од аспект на тоа дали тој постапил, не постапил, дали по сите предмети постапил, туку вината треба да ја бараме во државниот апарат. Таму е вината. Ние овде како претставници на граѓаните, како највисок орган на власта во Република Македонија, како Парламент од сите оние органи во власта кои во Извештајот се потенцирани дека не само што арогантно се однесуваат, туку го континуитет ги нарушуваат правата на граѓаните. Ние како пратеници треба да ги согледаме, со оглед дека тие лица ние ги именуваме, ние ги поставуваме на такви функции и треба да побараме одговорност. Само на таков начин ќе дојдеме до намалувањето на бројот на нарушувањето на човековите права, односно правата на граѓаните. Се' додека овде аминуваме, се' додека, гледам кај многу други овде не постои ни волја да се дискутира за ова, се' дотогаш предметите и нарушувањата на правата ќе расте. Ако сакаме, а слушаме и гледаме дека сите се декларураме дека сакаме правна држава, кога излегуваме пред граѓаните најмногу за тоа зборуваме дека правната држава е предуслов за економски раст и тн. Правната држава е таа што треба да обезбеди зголемување на странски инвестиции и тн. и тн. ако тоа само декларативно го зборуваме, правната држава се прави токму преку заштитата на човековите права. Оттука, се почнува. За правна држава не можеме да зборуваме кога имаме еден Извештај од 126 страници и на секоја

страница е наведено дека постои нарушување на правата и тоа значително во секој сегмент.

Оттука, според мене, овој Годишен извештај можеби е нешто најдобро што оваа година сме го добиле како пратеници за да го разгледаме и подискутираме. Можеби кога ќе го видиме 126 страници на некого не му се чита, меѓутоа во секој случај ова е тоа што е констатирано, ова е за тоа што треба да прозбориме. Во секој случај јас сметам дека имаме еден добар Извештај, солиден Извештај со солидно забелешки, но и со солидни препораки и мерки. Заради тоа, почитувани колеги јас ќе гласам позитивно за овој Извештај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Има збор пратеникот Коце Трајановски, а нека се подготви пратеникот Роза Тупозова-Каревска.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Денеска на дневен ред е Годишен извештај на Народниот правобранител за 2003 година и со оглед на тоа што моите колеги од мојата партија ВМРО-ДПМНЕ имаа големи и опсежни дискусии, ќе се обидам да не се повторувам, да не станеме досадни пред јавноста, бидејќи неколку пати потенцираме.

Овој Годишен извештај Собранието на Република Македонија го гледа по шести пат, што значи веќе е пракса во Република Македонија да се гледа овој Извештај и сметам дека овој Извештај е далеку најдобриот извештај кој што е подготвен од Народниот правобранител и доставен до Собранието на Република Македонија до сега. Меѓутоа, ме загрижува фактот што е доставен на 15 април а ние го гледаме на 15 јуни, значи со двомесечно задоцнување. Сметам дека Собранието на Република Македонија треба да биде поефективно и порационално во разгледувањето на ваков извештај, бидејќи Народниот правобранител еднаш годишно доставува извештај, а не 12 месеци и сметам дека требаше да биде поставен на дневен ред порано.

Во Извештајот може да се оцени степенот на почитување на уставните и законските права на граѓаните од страна на органите на државата, државната управа и други органи и оргнаизации што имаат јавни овластувања, како и

активностите и мерките кои ги презема Народниот правобранител за надминување и ублажувањето на оваа состојба.

Со новиот закон за Народниот правобранител кој ние го донесовме на 10 септември 2003 година, а кој стапи на сила од 1 октомври 2003 година, се овозможи да се формираат шест нови канцеларии во Република Македонија и тоа во Битола, Кичево, Тетово, Куманово, Штип и Струмица, со што Народниот правобранител преку овие канцеларии со кои ќе раководат замениците на Народниот правобранител ќе се овозможи еден понепосреден и поблизок контакт на граѓаните чии права се повредени со Народниот правобранител да ги остварат своите права во државните органи или организации кои имаат јавни овластувања. Средства од Буџетот се предвидени и се поставува прашањето кога ќе бидат отворени овие канцеларии заради што мислам дека тие ќе бидат отворени ќе имаме еден подобар извештај, иако и овој извештај го оценувам како добар.

Гледајќи го Извештајот може да се заклучи дека обемот на работа од година во година расте, така да 2003 година имаме 2605 претставки, во 2002 година имавме 1878, значи зголемување од 39%. Се поставува прашањето на што се должи ова, дали на влошената состојба во прекршувањето на правата на граѓаните, или пак на довербата кон Народниот правобранител. Сметам дека и двете причини се валидни, сметам дека состојбата во Република Македонија во 2003 година во прекршувањето на правата на граѓаните е многу поизразена и поради тоа овој процент од скоро 40% повеќе поднесоци во однос на 2002 година многу јасно зборува за оваа состојба.

Во прегледот дадени се областите од државната управа каде што имаме најголем број на поднесоци. Тоа се правосудство, работни односи, правни односи, полициска постака, урбанизам и градежништво, пензиски права, социјални права и станбени односи. Во сите овие области може да се забележи затоа што има компаративно прикажување, графичко, дека во 2003 година има многу поголем број на претставки во однос на 2002 година освен во станбените односи.

Начинот на кој што постапувал Народниот правобранител во сите овие 2605 предмети тој имал за 2132 барања од Народниот правобранител до јавната администрација, а е одговорено само на 500 од неговите барања што јасно зборува за еден индолентен однос, едно арогантно однесување на носителите на јавни функции. Значи, едноставно Народниот правобранител е во функција која што носителите на јавната адмнистрација воопшто не ја почитуваат. Исто така тоа може

да се заклучи од тоа што 27 поканети лица кои што имаат јавни функции само осум се имаат одзвано. Тука беше многу дискутирано и јас ќе напоменам дека би требало да се наведат и имињата на носителите на јавни функции кои не се одзиваат на поканата на Народниот правобранител кој што има законско право да ги повикува овие лица, бидејќи сметам дека кога на некого ќе му биде името напишано во некоја негативна конотација, а не неговата функција, многу повеќе ќе биде загрижен и многу повеќе ќе биде одговорен за она што се бара од него. Затоа, би препорачал во одинина оние јавни лица, лица кои што имаат јавни функции и се повикуваат од Народниот правобранител а не се одзиваат на неговата покана да бидат поименично наведени.

На страница 64, која се однесува на раселените лица тука се дадени и препораките кои што Народниот правобранител од 2003 година ги има упатено до Владата на Република Македонија, тоа се препораки за подобрување на условите на раселените лица, вклучување во образовниот процес, нивно ново пререгистрирање, раздвојувањето на ученици и студенти и некои други подобрувања на условите во кои што живеат. Мојата забелешка тука е каде е враќањето како препорака или како заложба на овие раселени лица во своите домови. Тоа е дадено на крајот од Годишниот извештај каде што се вели дека Владата на Република Македонија треба да презема мерки за побрзо враќање на сите раселени лица во нивните домови. Сметам дека како препорака е добро, меѓутоа треба да се напоменат и причините поради кои овие раселени лица не можат да ес вратат во своите домови, а тоа очигледно се безбедносните причини кои што и после три - четири години поминати од 2001 година, значи од војната во Република Македонија сеуште безбеносните услови во одредени делови каде што имаше одредени дејствија не се добри за да можат раселените лица да се вратат во своите домови, а ние упорно одиме во интеграција кон Европската унија.

Меѓутоа, сепак, имаме да не речам црни, еве ќе речам сиви зони во Република Македонија каде што сопствените граѓани кои се граѓани и државјани на оваа држава неможат да се вратат во своите домови од кои што се избркани во 2001 година. Сметам дека оваа 2004 година,Народниот правобранител треба да направи поголеми усилби и поголеми напори за да може оваа категорија на луѓе да може да се врати во своите домови, сметам на оние институции, на оние државни органи кои што пред се се одговорни за безбедноста во овие региони како и за финансиските

средства кои што се потребни за условите во кои што ќе треба да се вратат да бидат доведени до некое нормално ниво.

Исто така, накратко, иако беше споменато, и јас би сакал да споменам , оној дел кој што се однесува на работните односи. Значи би сакал да потенцирам дека во 2003 година, настана едно големо енормно бркање на вработените од ЕСМ, од ПУИГ, од Фондот за здравство, и од другите јавни претпријатија и државни органи. А во исто време како што наведе и самиот Народен правобранител 9% има во однос на отпуштените нови вработувања кои што смета и констатира дека се неосновани. Од сето ова јасно е поради која причина беа избркани овие вработени, дека не се работи за никаква рационализација, не се работи за никакви структурни промени. Меѓутоа, мислам дека Народниот правобранител,во моите контакти со лицата кои што беа избркани од овие јавни претпријатија требаше малку подецидно да биде наведено дека воопшто тие немаа нови систематизации како еден од законските предуслови за правењето на тие рационализации и структурни промени кој што овој писмен документ ќе им помогнеше многу повеќе во судските процеси кои што овие избркани од работа ги водат пред надлежините судови во Република Македонија . Значи , од 15 септември па до денеска сметам дека беа избркани неосновано повеќе од 20 илјади влаботени по основ на рационализација и структурни промени.Но, она што е исто така битно е тоа што овие луѓе беа избркани на улица без можност на ново вработување и што е исто така значајно за една правна држава, без социјални права, или без социјални пакети. И тука доаѓаме до следниот владин ресор, а тоа е Министерството за труд и социјална политика каде што и Народниот правобранител со право констатира дека тука има големо намалување на социјално згрижените лица во Република Македонија од 82 илјади во 2002 година, на 64 илјади 460 во 2003 година, како и висината на помошта која ја примаат овие лица кои што имаат смален број значи од 64 илајди 460. Ова не се должи на подобрената економска состојба во Република Македонија , туку се должи на рестриктивниот однос на Министерството за труд и социјална политика за рестриктивниот однос во давањето на социјална помош. Меѓутоа, ако ја погледнеме состојбата, условите и начинот на кој што живеат овие луѓе како и можноста која што треба да се понуди во Република Македонија т.е. да се создадат услови за да овие луѓе имаат можност да се вработат и да можат со својата работа да ги издржуваат своите семејства , ќе видиме дека овој рестриктивен однос воопшто не одговара на

економската состојба во која што се наоѓа Република Македонија . И доколку вака се продолжи сметам дека нема да биде добро за граѓаните во Република Македонија .

Исто така беа споменати станбените односи. Исто тука сметам дека е направен еден реваншистички однос, да речам, бидејќи становите кои беа доделени од претходната власт, групно е поништен конкрусот . Тоа беше случај  кој долго беше во медиумите во Република Македонија . Значи, тоа е дел во Министерството за транспорт и врски во кој што имаше неколку афери по кои што и самиот министер напомна дека е тоа дувло на корупција. Сметам дека Народниот правобранител исто така се има добро осврнато и на овој дел од работењето на владиниот сектор и сметам дека понатака треба да се охрабри и понатаму да продолжи со вака критички однос да ги критикува носителите на јавни функции и ресорите се со цел за да се подобрат условите за живеење во Република Македонија .

На крајот, за да не должам , би заклучил дека извештајот е добар . Има многу констатации кои што одговараат на состојбата. Како што напоменав и во дискусијата треба да се наведат имињата на носителите на јавните функции кои што ги прекршуваат овие права, бидејќи  до колку се споменат нивните имиња еднаш , следниот пат секој носител на јавна функција ќе се подзамисли дали ќе одговори на барањето на Народниот правобранител, или не . А, вака ако ја спомeнеме неговата функција, мислам дека многу, многу нема да се подобри состојбата, иако е голем напредок во однос на неспоменувањето . Понатаму, да го охрабриме Народниот правобранител да продолжи со овој критички однос на власта, значи поенергично , а сметам дека тоа ќе биде направено со отворањето на 6-те канцеларии кои што ќе бидат отворени во Република Македонија и кој што закон за Народен правобранител како што реков го гласаа сите политички партии. И со тоа сметам дека ќе се подобри правната сигурност во Република Македонија .

И на крајот да кажам , се надевам дека Народниот правобранител нема да биде сменет поради овој Извештај како што беше сменет директорот на Државниот завод за статистика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот .

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Предлогот на заклучоците содржан во Извештајот на Комисијата за политички систем  и односи меѓу заедниците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 57 за предлогот, 2 воздржани и 1 против.

Во салата како што реков беа присутни 62 пратеника, сега дојде и 63-от.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Се враќаме на точката 12 - **Предлог за донесување на закон за дополнвуање на Законот за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Дописот на ЗПК Ви се доставени .

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Гласале 59 пратеници.

Сите гласале , за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 гласале за 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејки никојне бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Минуваме на точката 21 -**Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците "ТАТ"-Битола, "АЛФА С"-Скопје и "ЛАВЦИ" - Охрид, со Предлог на закон.**

Предлагачи се пратениците Томе Тромбев, Слободан Најдовски, Борче Птеквоски, ЈаниМакрадули, Коста Прешоски, Кире Гештаковски.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон , ви е поделен.

Бидејки имаме ист таков закон и следната точка, дали да водиме расправа, или ќе одиме поединечно. Темата е иста, а различни се заклучоците.

Значи одиме со точката 21 по првите предлагачи.

Отворам претрес по Предлгот за донесување на законот.

Кој бара збор?

Има збор г-динот Томе тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, ние на 53-та седница имавме два слични закони кои што ја обработуваа истата материја и еве, ние одлучивме како предлагачи за оваа седница да предложиме закон кој што во многу се разликува од претходната верзија. Имено, во претходната верзија ние имавме и еден дел со којшто го проширувавме опфатот на употребата на сертификатите кое што во овој случај ја имаме изоставено. Суштината на овој закон е многу едноставна. Имено, ние како предлагачи во овој закон предлагаме само продолжување на рокот на употреба на сертификатите до крајот на оваа фискална година од многу практични причини. Имено, со измените на Законот за трансформација на капиталот од минатата година Агенцијата за трансформација на општествениот капитал требаше да престане со своето работење до крајот на минатата година, имено до 31.12 2003 година. Така што од 1.01. Агенцијата прекина со котирање на сите акции и удели кои што ги имаше од страна на државата. Така што штедачите од ТАТ т.е. имателите на конвертибилните сертификати немаа

можност да ги употребат конвертибилните сертификати за купување на било што, бидејќи Агенцијата во овој шест месечен период не работеше.

На претходната сседница, имено минатата недела точно пред една недела, минатиот петок, ние го усвоивме Законот за трансформација на општествениот капитал со кој што се продолжува рокот на постоење на Агенцијата за трансформација на општествениот капитал до крајот на оваа година. Така Што тука кореспондира и нашиот предлог конвертибилните сертификати да можат да се употребуваат до крајот на важење и до крајот на постоење на Агенцијата за трансформација на општествениот капитал. Мислиме дека ова е коректно и фер решение и спрема самите штедачи. Јас нема тука да зборувам за историјатот на проблемот на ТАТ, ниту да навлегувам во некои други дискусии. Меѓутоа, се надевам дека пратениците ќе ја дадат својат аподдршка на ова решение кое што се надевам не е од таков обем да може да ги наруши нашите односи со меѓународниот монетарен фонд.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас ќе бидам сосема краток со оглед на тоа што г-динот Тромбев ги кажа главните акценти од ова што го имавме предложено ние овој закон , само со неколку реченици да го надополнам. Со оглед на тоа што согласно законот кој што е на сила за сертификатите издадени од Штедилницата ТАТ за неколку денови престанува нивната важност. Исто како колегата Тромбев нема воопшто да зборувам за минатото во врска со ТАТ , сме зборувале многу пати , пратениците и јавноста се доволно запознаени. Од друга страна мислам дека не треба повеќе да долеваме масло со политички теми на оваа проблематика.

Основната причина за која што го предлагаме тоа што сметам дека законот не престанува да важи овие денови како што е во Законот, туку законот престанал да важи на 31.12. минатата година. Со оглед на тоа што тој ден Агенцијата за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал која што располагаше со акциите и уделите од претпријатијата во кои што државата има своја сопственост, тогаш престана да работи и престанаа да котираат на македонската берза акциите и уделите сопственост на државата. Сметам дека тогаш сигурно и правниците ќе кажат можеби многу повеќе од правен аспект како што е, тогаш им е оневозможено

законското право на имателите на сертификати да располагаат со своите сертификати и да можат да ги упаричат тие сертификати. Со оглед на тоа што на таков начин е оневозможено, а плус и пред тоа кога се пуштаа акции и удели од страна на Агенцијата првите десет минути на берзата се продаваа исклучиво за готово, а не за хартии од вредност, тоа исто така сметам дека е направена уште една грешка во процедурата и оневозможено е рамноправност на готовината и хартии од вредност, што сметам дека е спротивно на законските прописи.

Ние, не само што ве повикувам, туку сме должни да го донесеме овој закон, бидејќи во спротивно навистина ќе треба некој во оваа држава тогаш да каже, доколку штедачите на ТАТ, АЛФА С и Лавци тужат на суд, а сигурно ќе тужат заради тоа што им се оневозможени користењата на нивните права, да се знае кој во оваа држава ќе одговара за евентуалните штети кои што државата би ги плаќала.

Затоа, би завршил со тоа, бидејќи пред една недела зборувавме за овој проблем и не сакам ниту вас, ниту јавноста да ја заморувам за овој проблем, туку само сакам да укажам дека нашата должност и обврска како пратеници е да ги почитуваме законските прописи и врз основа на тоа почитување, ние треба да го изгласаме овој закон.

На крајот на краиштата се работи за еден регион. Пред неколку дена овде зборувавме за поплавите. Пратениците сите беа едногласни, а јас и сега ги повикувам сите пратеници со конснзус да го донесеме овој закон, иако не е она решение кое што ние како пратеници порано го предлагавме и дека не е во бог знае колку позитивна насока за штедачите на ТАТ, но сметам дека е наша обврска овој закон да го донесеме.

Би завршил со тоа, ги повикувам сите пратеници за поголемо присуство во салата и ги повикувам сите со консензус да не поддржат за изгласување на овој закон. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Најдовски.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Еве, јас се приклучувам кон поддршката за овој закон, без разлика кој било од овие два закони да биде поддржан, мислам решаваме само еден дел, затоа што Владата треба да се вклучи и конечно да се најде решение за оваа пирамидална

штедилница, како што ја крстија ТАТ. Најголемиот грабеж и организиран криминал беше во државава.

Меѓувреме, јас не би сакал повторно да се враќаме на она што значеше историја, на онаа неколку пати тука спомнувана работа, која што сите пратеници многу добро ја знаат, но еве после одлуката на нас пратениците да не ги прифатиме и двата закони минатиот пат кои беа донесени од позицијата и од опозицијата, пред мене имам писма од раководствата на Одборот на доверители од ТАТ, Лавци и мислам дека ова што го предлагаше госпдинот Најдовски јавно во Битола на локалните телевизии од Одборот на штедачите беше отфрлено како решение, затоа што и самиот тој минатиот пат потенцираше, а се поочигледно станува дека ова што е понудено како решение едноставно само шпекулантите и оние луѓе кои имаат некои сознанија за тоа што ќе се случува во државата, ќе ја извлечат комплетната корист од ова што значи законско решение. Зошто го говорам тоа мислам на сите ни е јасно. Во последните неколку недели вредноста на акциите стигна до некои 5% од номиналната вредност на било која акција. Со самото тоа трудот на овие луѓе е обезвреднет, па затоа ќе си земам за право ова нивно обраќање директно да го презентирам пред вас, пошто е испратено и до Собранието на Република Македонија, чувствувам обврска за луѓето кои не гласале едноставно да ја кажеме нивната желба и она што ни го испраќаат како порака токму после она што ние како пратеници не го изгласавме.

“Господа од Владата, господа од Парламентот, господа министри, господине довчерашен премиер и во иднина претседателе (сега претседател), господа пратеници!

До сите вас се обраќаме и ве прашуваме што значи ударот што ни го зададовте од петокот на 7.05.2004 година. Требаше да го изгласате Законот за измени и дополнувања на побарувањата на штедачите од ТАТ Битола, со конвертибилните сертификати, кои од наша, па и ваша страна во предизборната кампања во 2002 година беа окарактеризирани како уште еден организиран криминал. На цела мака се сложивме да се донесе овој закон, правејќи ви услуга да си ја покриете лагата дека доколку дојдете на власт најмалку што ќе сторите за нас е тоа дека ќе не вклопите во старата девизна заштеда. Каде мислите да стигните со вашите постапки, за кого и од кого сте ги добиле местата на кои се наоѓате денес”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за законот господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам дека говорам директно за законот и ова е последното што доаѓа после одбивањето, нашето одбивање за законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ова е начин на пратеникот кој сака да ги убеди пратениците да гласаме или да не гласаме за законот, а за тоа ќе оцениме. Ве молам, читањето да не биде, сепак, цел час.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не е, тоа е една страна и истото требаше да биде препратено и до вас.

“До кога ќе го понижувате и конечно ќе го уништувате својот народ или пак тој не е ваш. Дали вие имате резервен народ, па не ви треба овој македонски народ. Можеме да ви поставуваме колку сакаме прашања, но зарем вие сте помислиле на нас и на одговорот кој треба да ни го дадете или за вас е важен само гласот на изборите или пак во иднина и тој не ќе ви биде потребен, бидејќи најдовте начин како да постигнувате резултати. Ние сме згрозени од вашиот индолентен неодговорен однос кон нас. што се штедачите на ТАТ за вас, зеленаши, лихвари, преваранти кои трчаат по големи камати и пари како што милувате да не нарекувате. Проверете во Народна банка на Република Македонија под чија закрила беше ТАТ и оценувана со највисоки оценки, колкави беа каматите со кои штедевте. Аферата ТАТ е производство на СДС во владеењето до 1998 година. Со фамозниот октопод, а главата на октоподот на крај ја постигна својата поставена цел. Не да го уништи октоподот, како што беше тогашната изјава во Парламентот, туку да се уништат штедачите, да се уништи народот.

Господине Црвенковски, дали можете да ни кажете зошто толку ја мразите Битола, зошто толку ја уништивте”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Е, сега тука ќе ве прекинам господине Мавровски, тие редови можете да ги прерипнете, затоа што..

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ова е интегрално пренесување на текстот кој што е испратен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа што, може да се најде и друг текст кој што припаѓа на друга политичка опција па истиот да се чита. Кажете ги аргументите за законот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не, во таа оценка не сме поштедени ни нашата политичка опција, така што мислам дека ова требаше да биде поделено до самите пратеници, за да не го презентираме комплетно. Мислам дека сето ова што е напишано господата кои што се иницијативен одбор и одбор на доверители на штедачите ТАТ се апсолутно во право, затоа што ние од нив сакаме да направиме нешто што апсолутно не е така. Дека ние на овој начин и ова што досега го направивме, едноставно ги игрнорираме и ова што го понудивме како решение гледајќи што се случува деновиве, повторно ќе дојдеме до истите сознанија. Значи, апсолутно нема завршница аферата ТАТ или завршницата е таква каква што беше на почетокот, а почетокот беше многу страшен. Значи, се случи грабеж од повеќе 70 милиони евра, сега немаме информација и незнаеме што понатаму ќе се случи со стечајната маса на штедилницата откако ќе престанат да важат овие хартии од вредност. Стечајот за ТАТ уште трае. Што ќе се случи со објектите на штедилницата откако ќе заврши стечајот, затоа што после 9 јули ќе нема доверители, затоа што ќе престанат да важат сертификатите. Ова никој никаде не ни го објаснил. Но, меѓувреме доаѓаат и пратенички прашање од господата од штедилниците и можеме да бидеме сведоци дека се купуваат огромен број на овие сертификати. Која е целта многу брзо веќе се гледа и излегува на виделина. Значи со тие 5% од нивната номинална вредност, меѓу време Ладна валавница и она што го направивме пред некој ден со донесување на Законот за продолжување на работа на Агенцијата за приватизација, многу скоро на берзата ќе бидат извадени тие акции, од Ладна валавница, од ГТЦ, значи ако метрото во ГТЦ чини во моментот 5 илјади евра, некој тоа ќе успее да го купи за 400 евра. Кој ќе го купи тоа мислам дека е многу јасно. Во таа насока има доста прашања. Прашањата се однесуваат за овие брокери што во моментов работат, од кои физички лица се земани сите овие средства, дали има во депозитарот  на хартија од вредност наведено кој и како ги купува, затоа што се работи за огромни средства, милионски суми на евра, кои што токму она од што се плашевме дека штедачите наместо да бидат правилно обештетени, нивните сертификати достигнаа вредност од некаде 5%, што е апсолутно недопусливо и мислам дека луѓето имаат апсолутно право да си побараат она за што се во случајот украдени. Веќе 7 години ги бараат правата по сите институции во државата. Мислам дека ние како еден законодавен дом треба сите заедно да помогнеме и да ја најдеме разрешницата. Без разлика и на двата закони останува до Владата, за да не се случуваат сите овие претходно наведени работи кои што очекувавме дека ќе се случуваат и за жал сме сведоци дека тоа се

прави, некој да се збогати енормно повторно на нивната можност да не стигнат до апсолутно никаков сертификат. Тоа е проблемот што ние како пратеници во моментот ќе треба да го разрешиме да ги донесиме овие два закони и да ја принудиме Владата да донесе трајно решение за сите овие штедачи од пропаднатите штедилници ТАТ, АЛФА С и Лавци од Охрид. Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине М авровски.

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓо Лалчевска, имате збор.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе, колеги пратеници,

Јас би сакала сосема накратко, пред се во името на штедачите од штедилницата Лавци од Охрид кои постојано се во контакт со мене, а исто така и на оние од ТАТ и АЛФА-С, да дадат  една кратка генеза на правниот континуитет или дисконтинуитет на оваа проблематика и незавидната положба во која се најдоа овие штедачи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска, почнете да зборувате за законот а не за генезата.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Токму за законот, претседателе, сакав да почнам да говорам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па, зборувајате за законот кој што е предложен овде, а за генезата можиме да отвориме посебна расправа. Сега за законот зборувајте ве молам,

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Законот кој денес го имаме на дневен ред, односно двата предлози се во функција да ги ублажат последиците односно неправдата е предизвикана на штедачите од овие штедилници.

Овде имаме предлог за продолжување на важењето на сертификатите, кој се поклопува со работењето на Агенцијата за приватизација. Би сакала да посочам дека во досегашиот закон за регулирање на побарувањата на штедачите од овие три штедилници во членот 8 беше предвидено дека сертификатите ќе важат две години

и дека во овој рок треба согласно законо за хартии од вредност, зашто и сертификатите се еден вид хартии од вредност, во овој период од две години требаше да бидат обештетени штедачите од овие штедилници. Меѓутоа, за жал, пред истекот на важењето на сертификатите од 1.01.2004 година прстана да работи Агенцијата и со тоа на некој начин овие сертификати што останаа нереализирани, станаа стерилни, бидеејќи со нив не можеа штедачите да купат никаков имот, затоа што немаше имот на берзата. Пред извесно време се продолжи важењето на Агенцијата, така што сосема е логично и сосема е во ред да се продолжи и рокот на важењето на овие сертификати, како би им се овозможило на оние што не успеаја да ги реализираат своите сертитикати, да ги реализираат до крајот на оваа година, односно до 31.12. додека работи Агенцијата за приватизација.

Би сакала сосема накратко да укажам на првна грешка која е направена во континуитетот на овие закони, затоа што со тоа што е преземена обврската во членот 8 дека во рок од две години тие сертификати ќе се реализираат, а не се реализираа, овој закон е во спротивност со одредбите од Законот за хартии од вредност, каде што Република Македонија има обврски да ги реализира хартиите од вредност, односно сертификатите. Тоа, за жал не се случи. Само во првата година на важење на сертификатите дел од штедачите успеаа да ги реализираат, меѓутоа, еден дел остана со намера или со можност да ги реализираат во втората година. За жал Агенцијата престана да важи и им беше зададен уште еден удар, а посебно доживеаја уште една нперавда кога неодамна не беше изгласан законот за измени и дополнувања на побарувањата на штедачите. Еве, ова е уште еден обид на некој начин да се стават во еднаква положба сите, затоа што точно според Уставот потребно е да се стават сите во рамноправна положба односно да бидат овие закнски регулативи во согласност со членот 9 од Уставот на Република Македонија. Со еден ваков дисконтинуитет на законите, ние извршивме и повреда на оваа уставна одредба, бидејќи не сите штедачи беа ставени во еднакви услови со предвременото укинување на Агенцијата.

Затоа, апелирам до сите колеги пратеници да ги поддржиме овие предлог измени и на некој начин да ги ублажиме штетите кои ги претрпеа овие наши граѓани и да изнајдеме модус и сили да ги обештетиме нивните барања. Јас толку, благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и пред да му го предложам на Собранието заклучокот за гласање, ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на пратениците во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи сега во салата се присутни 61 пратеник го ставам на гласање следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за регулирање на побарувањето на штедачите од штедилниците ТАТ Битола, Алфа С - Скопје и Лавци - Охрид.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 25 гласале за заклучокот, 5 воздржани и 32 против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на 22-та точка Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регулирање на побарувањето на штедачите од штедилниците "ТАТ" - Битола, Алфа С - Скопје и "Лавци" - Охрид, со Предлог на закон поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.**

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете г. Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. претседателе, почитувани пратеници,

Би сакал да кажам што се нуди со овој закон.

Многу ми е жал што и претходното, иако беше некое половично решение, и тоа не се прифати, се повторува сликата од минатиот пат, мислам и ова ќе помине така. Но, ќе се обидам уште еднаш, како што рековте да ги убедам пратениците во целта на тоа што значеше предлагање на овој закон на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

И овие измени на законот се засновани на начелата на нашето право, кое ни дадоа уставна основа и на основниот текст на законот. Имено со законот за

регулирање на побарувањата на штедачите од Законот за регулирање на побарувањето на штедачите од штедилниците ТАТ Битола, Алфа С - Скопје и Лавци - Охрид, “Службен весник на Република Македонија” број 38/2002 година, делумно се решени побарувањата на штедачите. Тоа особено успешно беше на почетокот на функционирањето на законот кога почнаа да се сервисираат и целосно да се обештетуваат штедачите со помали износи на штедни влогови, до 1000 евра или близу 1.000.000 евра, како и првите трансакции на берзата со конвертабилните сертификати. Меѓутоа, поради промената на власта во 2002 година, изразениот очигледно негативен однос на новата власт кон овој закон, голем број на штедачи не успеаја да ги реализираат своите побарувања. Тоа е особено видно што на берзата за тргување со хартии од вредност, Владата на Република Македонија, со два многу јасни негативни потези, вредноста на сертификатите успеја да ја маргинализира односно обезвредни, при што денес од Централниот депозитар за хартии од вредност останаа евидентирани како нереализирани, околу 2,5 милијарди денари. Но, што се случи, зошто дојде до тоа? Одговорот е многу едноставен.

Целиот период од доаѓањето на Новата власт до денес на берзата на тргување со хартии од вредност,Владата на Република Македонија преку Агенцијата за приватизација воопшто не понуди квалитетен капитал за купување. Или се нудеа некои акции и удели кои немаа никаква реална вредност, акции и удели кои на поклон да се добијат не се сакаат, или тоа воопшто не се нудеше.

Второ, исто така Владата на Република Македонија со овој акт, мислам дека беше уредба, доуредувајќи го тргувањето на берзата на начин што првата аукција ќе се врши со пари, а дури на втората, доколку никој не ги купи акциите и уделите со пари, ќе може да се купат и со конвертабилни сертификати, уште еднаш директно изврши атак на вредноста на сертификатите.

Сосема е јасно дека нешто што не може да се купи со пари, што не е вредно, истото не е вредно да се купи и со сертификати. Тука би го потенцирал и фактот што со ваквиот начин на тргување се овозможи на луѓе блиски на актуелната власт, одредени шпекуланти, особено се шпекулираат имињата на одредени банки блиски до власта, во дослух со нивнит функционери, откако предвреме ќе добиеја сознание кога и кои акции и удели ќе бидат на продажба, купуваат сертификати по багателни цени за покасно да правеа трансакции или зделки со големи добивки.

Измените и дополнувањата на законот се предлагаат пред се да им се помогне на измамените штедачи кои сеуште поради лошата понуда на капиталот на берзата, не успеале да ги реализираат своите побарувања, дефинитивно да можат и да успеат во наредниот период од една година да ги реализираат своите побарувања на еден пореален начин, приближувајќи ја пазарната вредност на сертификатите, до нивната номинална вредност. Тоа ќе покаже дека целосната поддршка на измените на законот, од сите пратеници во Парламентот, а се надевам и Владата, преку министерот за финансии ќе го промени својот негативен став, ќе решиме еден голем проблем на определен и голем број од граѓаните на Република Македонија, па заедно со решениот проблем на така наречената стара девизна заштеда и имателите на хартии од вредност за денационализираните имоти, ќе ги ставиме на ад акта, еднаш засекогаш. Со тоа државата ќе ја симне својата хипотека, како учесник и креатор на овие големи државни проблеми. Во меѓувреме се случуваа ситуации за кои само се добиваше потврдата за која пред малку говорев. Еве неколку такви информации.

На ден 19 и 20.04.2004 година на Македонската берза, откупени се конвертабилни сертификати со средна вредност од 23 и 21%, за износ од 29.245.000 денари или овој износ со примена на коефициентот за искористениот дисконт, изнесува 125.000.000. Значи некој во самата продажба се стекнал со имотна добивка за повеќе од 100 милиони денари. И ова што го предвидувавме дека токму шпекулантите и оние што ги имаат информациите, затоа што 19 и 20 април и понатаму во месец мај кога се купуваа голем број на сертификати за продажбата на Ладна валавница, мислам дека е ситуација која е предвидена. Тоа не би го направил никој што не знаел дека ќе се донесе законот за агенцијата за приватизација, за кој мислам дека апсолутно ќе падне на Уствен суд затоа што е неуставно донесена, затоа што Агенцијата за приватизација престана да работи на 31.12.2003 година. Тоа го знаеја и штедачите. Едноставно не им беше понуден никаков имот и сега се носат во ситуација, само оние кои ја имаа информацијата, или што знаеја дека ќе биде точно така, да можат да ги купат овие сертификати и со нив да направат огромен капитал, за што можеби ќе разговара некоја друга власт после година или две. Мислам дека тоа не смееше да се случи. Но сите предупредувања кои доаѓаа од опозицијата, или не се сваќаа сериозно, или пак требаше да се случат па да има потврда за истото.

Во моментот многу актуелен е и Градски трговски центар. Како што кажав м2 од тој простор се продава за 5 илјади евра. Купувајќи ги и овие акции, бидејќи Градски трговски центар многу брзо ќе дојде на берза, некој наместо за м2 ќе добие цел дуќан. Тука ќе се јават проблемите и кон државата и кон обештетувањето на државата, уште повеќе кон штедачите на ТАТ и така тој круг на збогатување од нешто што се прелева од празно во шупло, мислам сведоци сме сите и многу јасно го гледаме.

Во однос на тоа што значеа сертификатите, само со тоа што се кажува дека ќе имаме рестартирање на Ладна валавница, сертификатите се зголемија пораст некаде од 20-25%. Инаку последните две недели се движеа од 6-9%. Повторно имаме големи купувања на берзата на овие сертификати по ништовни цени. Така што, едноставно, од она што се плашевме, како што почна аферата ТАТ завршува уште посрамно, на начин што и она што значеше некое обештетување, штедачите едноставно нема да го добијат.

Со овој закон предвидена е можност за плаќање со конвертабилни сертификати, нагласувам дека е тоа поради продолжување на работата на Агенцијата за приватизација. Мислам дека и на Уставен суд штедачите веќе имаат покренато постапка со кое ќе се покаже ништовноста затоа што последните 6 месеци апсолутно не постоеше имот кој можеа да го купат, освен оние шпекуланти и брокери на берзите.

Понатаму за плаќање на надомест на концесија на државен имот, за купување или плаќање на закуп на државен имот и за купување на други хартии од вредност, во сопственост на Република Македонија. Сето тоа, за да можеме да го зголемиме ефектот од сертификатите, да може да се зголеми номиналната вредност и овие луѓе да бидат обештетени. Мислам начинот на кој тоа го презентираме пред вас треба да биде прифатлив, дека во оваа година треба да се најде начин како тие штедачи треба да бидат обештетени, или доколку државата стигне до некоја бројка од која сигурно нема да бидат задоволни ниту штедачите, ниту пак Владата треба да биде задоволна, ќе треба да се најде едно трајно решение кое понатаму, дали тоа ќе биде стара девизна заштеда, како што им се ветуваше на штедачите пред тој 15 септември 2002 година, кога имаше убедување едноставно сертификатите да не се користат затоа што вредноста нивна од 50% била мала, дека тоа било грабеж. Но, сега таа вредност стигна до 5%, значи 10 пати е намалена од постоечката или 20

пати од номиналната вредност. Ако тоа не е кражба, ако тоа не е пљачкање на тоа што останало од ТАТ, незнам што тогаш би претставувало пљачка и грабеж.

Како пратеници и како луѓе кои не гласале токму и тие штедачи на ТАТ, треба да чувствувате една голема обврска, посебно вие затоа што, посебно моите колеги од Битола кои беа во дирекни контакти и кои им ги ветија сите овие работи, да кажеме дека сертификатите ќе се претворат во стара девизна заштеда, или ќе се зголеми нивната вредност при купувањето на имотот од државата. Тоа не се случи. Во моментот мислам сите имаме една заедничка одговорност, се тоа да го прифатиме и на некој начин да најдеме барем едно половично решение за оние 350 жртви кои повеќе ги нема, да се обештетат барем овие луѓе кои го изгубиле здравјето, барајќи ја својата правда по сите институции во државата. Мислам дека овој законодавен дом треба да се надмине себе си и да обезбеди една поддршка токму за штедачите на ТАТ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, госпоѓо Лалчевска имате збор.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе, колеги пратеници,

Тоа што не го прифативте првиот предлог кој нудеше само временско зголемување на важењето на сертификатите односно да се поклопи времетраењето на сертификатите со работата на Агенцијата за приватизација, што е сосема логично решение, јас таквото неприфаќање го разбирам како ваша желба да го прифатите токму овој предлог кој покрај тоа што нуди продолжување на рокот на важење на конвертабилните сертификати, нуди и зголемување на сеопфатот односно проширување на опфатноста на овие хартии од вредност и можност да се купува и друг државен имот кој ќе биде понуден на продажба, за чии откуп ќе биде предвидена можност и за плаќање со овие конвертабилни сертификати, а се со цел конечно да се решат останатите штедачи, кои за жал после долги и тешки маки не можат да го решат овој проблем кој на некој начин им беше наметнат, за кој апсолутно не се виновни. Мислам дека овој пат ќе најдеме разбирање и дека ќе го поддржите овој предлог во име на сите оние штедачи кои трпеливо и долги години бараа решение на својот проблем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г. Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас ќе го поддржам и овој закон без разлика што е предложен од 20-тина колеги од ВМРО-ДПМНЕ, од кои во моментов само 6-7 се тука.

Сакам само една работа да разјасниме, со оглед на тоа што господинот Мавровски дискутираше и сметам дека ние како Парламент треба да ја следиме таа ситуација, дали така ќе се случи, по однос на сертификатите и по однос на тоа што тој дискутираше дека некој подготвува некои шпекулации.

Кога дискутиравме на седницата пред една недела по однос на ова прашање, јас зборував токму за овие шпекулации кои може евентуално да се направат, или се направиле во минатото. Но најпрвин треба да расчистиме една работа. Капитал не повлече оваа Влада од продажба, туку со сертификатите може да се продаде оној капитал кој беше на располагање кога се донесе Законот за сертификати и целиот тој капитал постојано беше изложен на берза.

Се согласувам, тоа го реков и во мојата претходна дискусија, по однос на прашањата за продажбата во првите десет минути во готовина, а после тоа со сертификати. Но тоа што сега го загатна господинот Мавровски, кое се однесува на тоа дали допрва некои од шпекулантите ќе купуваат со сертификати, јас, познавајќи ги законските решенија сметам дека во овој момент тоа не би било можно, со оглед на тоа што, според Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, најмалку 30 дена треба да поминат од денот на објавувањето на огласот за продажба на акции или удели со кои располага државата преку Агенцијата за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал. До овие денови јас барем не видов, ако има сега објавено, значи тоа е можно. Но ако до овие денови тоа не е објавено, тоа е тешко остварливо. Но, сепак поддржувам и тоа и ние како Парламент да бидеме информирани, да видиме дали навистина некој овие денови сака да направи матни работи со тие сертификати од штедилницата ТАТ и дали некој ќе го прекрши законот. Инаку повторувам уште еднаш дека во целост ќе го поддржам овој закон, иако, за жал сега веќе сум убеден, после неизгласувањето на оној поповолен, првиот закон, сега овој вториот сум убеден дека нема да биде изгласан и многу е тешко да дискутирате за нешто што знаете дека однапред нема

да го усвојат колегите пратеници и не би сакал повеќе воопшто да навлегувам во тој проблем, бидејќи се друго би било само политиканство и ништо друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Мавровски имате реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Како предлагач можам да зборувам и подолго за да објаснам некои работи.

Би сакал да кажам нешто за тоа што говореше г. Најдовски кој многу често се грижи колку е опозицијата на број, колку сме ние тука. И сите 28 да сме тука, сепак сме малку за да се донесе законот. И нему му е совршено јасно дека е така. Тоа како за почеток.

Сега би сакал да кажам нешто.

Во денешниот број на Дневник вели - продажбата на АД Градски трговски центар го зголеми интересот за купување на државните сертификати за пропаднатите пирамидални штедилници. Поради тоа пазарната вредност на сертификатите е двојно зголемена, иако е сеуште многу помала од нивната номинална вредност. Цената на сертификатите на македонската берза се зголеми од 5 на 10% од номиналната вредност.

Според експертите дополнителна причина што довела до зголемување на цената на сертификатите е најавата дека Собранието наскоро ќе го продолжи рокот на важење на овие хартии од вредност. Неофицијално во оптег се две варијанти , ова што го предлагаме денес, поентата е во најавата за продажба на Градски трговски центар која е најскапата локација во Македонија, и да не ви го повторувам ова со 5-те илјади евра кои можат да се купат за 400 евра, вкупната вредност на издадените сертификати е околу 50 милиони  евра, што е точно толку колку изнесува неприватизираниот капитал во ГТЦ.

Ова е она што би сакал да го кажам, сигурно дека е вистина, а за продажбата на акциите ова е сабота недела 29-30 мај 2004 година од Берзата имаме информации каде се купени сертификати во вредност од 3 милиони денари за кои беа платени 263 илјади денари во кеш односно за цела недела просечната продажна цена им била околу 8,8% од номинала.

Незнам кого и како би требало да го убедувам кога истото беше и вooднос на овие сертификати што се продадени за 29.245.000, а нивната вкупна вредност е 125 милиони, верувајте ми незнам кои шпекуланти тоа можат да го направат ако немаат права и вистинска информација дека овие пари ќе ги искористат, а добивката би била повеќе од 100 милиони денари. Јас незнам дали има такви луѓе што би ги дале тие пари едноставно знаејќи ова како што кажа г. Најдовски дека апсолутно немаме можност ни да се купуваат сертификати, треба да помине еден месец, а знаеме дека денеска е 18 јуни , сертификатите важат до 9 јули, апсолутно би останале неискористени сертификатите, по ова што гокажуваме.

Значи, некој има многу добра информација, еве го последниот број на Капитал, нови блок трансакции за Ладна Валавница и Полуконти кад еисто се кажува дека повторно сума од околу 3 милиони  евра се употребуваат значи одиме во ситуација за ова што го  говориме дека сепак ова е виситнско, ова се случува и ние како Парламент, како што кажавте, или треба да донесеме одлука ова да не биде така да се обештетат штедачите дирекно да можат да ги купат тие акции или да не се случуваат овие шпекулации. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Најдовски, имате право на три минути реплика.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Сосема накратко. Значи г. Мавровски го потврди она што јас го дискутирав. Денеска сме 18-ти јуни, ако сертификатите трајат до 9-ти јули што значи нема можност да се злоупотребат во таа насока за која зборувавте.

Можеби ова штонекој од корисниците на деловниот центар во ГТЦ што го изнесоа денеска во “Дневник”, можеби повлијае на дел од пратениците да не не поддржат за продолжувањето на значењето на “ТАТ”, инаку вие добро знаете дека Ладна Валалница до сега се продаваше само оној дел со кој располагаа приватни лица со акциите дали вработените или досегашниот сопственик. Општествениот капитал од Ладна Валавница не е воопшто изваден на берза до сега што значи дека овие сертификати не можеле да се користат за Ладна Валавница, бидејќи си ги продаваа акциите вработените и сопственикот. Со сертификатите може да се купува само имот односно акции и удели со кои располага државата.

Инаку, во целост ве подржувам , но ако навистина се злоупотребат овие денови за оваа цел , извинете што директно ќе ви се обратам , не сумкако вас да ги бранам моите како вие што ги браните ако некогаш погрешат. Вие ме знаете јас сум ги напаѓал кога ќе погрешат и ќе кажам дека згрешиле и треба да си носат одговорност. Вие не сакате да кажете дека се сертификатите кога се донесоа тоагаш немаше капитал г. Мавровски, тогаш во првиот ред напишавте дека ќе се продадат акции од Македонски  телекомуникации, но ден денес знаете дека тоа не е можно.

Би завршил со тоа , навистина ми е тешко да зборувам кога знам нешто што е предложено, а не врви, со оглед на расположението штого гледам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г. Мавровски, како контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас ќе кажам само едно без разлика кој што ветил , вие многу убаво знаете што ветивте во Битола пред 15 септември 2002 година. Кажавте дека сертификатите не се решение и дека ќе направите да бидат стара девизна заштеда, а од тоаниту “с”, ниту стара, ниту девизна, а уште помалку заштеда. Сега тука да не кажуваме кој, кога, зошто и како. Мислам дека и штедачите ив оопшто граѓаните на Република Македонија многу добро знаат што се случувало, што се случи и што сега се случува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Тромбев, имате збор.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам претседателе, морам да кажам дека малку ми е тешко што претходниот закон се усвои, бидејки беше многу логичен и компезираше некој период на време што беше изгубен во претходниот период. Дегутантно би било да се навраќам на дискусиите на г. Мавровски вооднос на целата политизација на случајот, меѓутоа, сакам да кажам дека ќе го подржам овој закон и ќе гласам за во интерес на граѓаните кои ги изгубија нивните заштеди во штедилниците.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието гоусвојува Предлогот за донесување на закон за изменвуање и дополнвуање на Законот за регулирање на побарувањата штоштедачите од штедилниците “ТАТ”-Битола, “АЛФА С”-Скопје и “ЛАВЦИ”-Охрид.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеникод кои 22 за, 3 воздржани, 36 против.

Констатирам дека не е усвоен заклучокот.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 67-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,30 часот).